# ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ", Општина Аеродром - Скопје

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ

Бр. 08-200/1
23.05 2024 год.
Аеродром-Скопје

Врз основа на член 75 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20) и член 6 од Правилникот за постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе", Општина Аеродром – Скопје, донесен од директорот на училиштето, Комисија за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе", Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2023/2024 година, распишува

# КОНКУРС

**за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата 2015-2024 година**

Скенирано со CamScanner

## ДЕЛ 1: ОПШТИ НАПОМЕНИ

Согласно член 75 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) и член 6 од Правилникот за постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, донесен од директорот на училиштето, се нормирани постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците.

## ДЕЛ 2: ПРАВО НА ПРИЈАВУВАЊЕ

На конкурсот имаат право да се пријават сите ученици кои што се деветто одделение во училиштето.

## ДЕЛ 3: НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавите и доказите за исполнетоста на нормираните критериуми кои се детлано наведени во член 14 од Правилникот се доставуваат во **затворен плик до училиштето, со назнака до Комисијата за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2023/2024 година.**

Скенирано со CamScanner

## ДЕЛ 4: РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавите и доказите за исполнетоста на нормираните критериуми може да се доставуваат **<u>секој работен ден најдоцна до 5 јуни 2024 година</u>**.

## ДЕЛ 5: УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавените ученици кои што се деветто одделение во училиштето потребно е да ги исполнуваат следните услови:

☐ Да постигнал среден успех 5,00 на крајот на учебната година од четврто до деветто одделение;
☐ Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
☐ Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на образованието во училиштето;
☐ Вкупниот број на неоправдани изостаноци да не биде поголем од три (3) за секоја учебна година одделно.
☐ Во текот на образованието во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето

## ДЕЛ 6: ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИ

Потребната документација за исполнетоста на условите е наведена во член 14 од Правилникот, односно:
☐ Копија од свидетелства од четврто до деветто одделение;
☐ Дипломи, пофалници, потврди, учество во проекти во и надвор од училиштето.

Скенирано со CamScanner

## ДЕЛ 7: РАНГИРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Од сите кандидати за ученик на генерацијата се изработува единствена ранг листа.

Единствената ранг листа (на номинирани кандидати) за ученик на генерацијата се состои од сите кандидати кои освоиле најмалку бодови од бодовите на кандидатот кој е на прво место на единствената ранг листа на предложени кандидати за ученик на генерацијата.

Единствената ранг листа ја изработува Комисијата и ја доставува до Наставничкиот совет.

Комисијата ќе ги рангира сите пријавени учесници според веќе утврдени инструменти за рангирање.

Рангирањето ќе се изврши најдоцна до 10 јуни 2024 година.

## ДЕЛ 8: РЕЗУЛТАТИ

Прворангираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу освоени поени се избира, односно прогласува за првенец на генерацијата.

Ако кандидатите на единствената ранг листа имаат ист број бодови, се земаат предвид другите работни оценки во текот на сите учебни години.

Училиштето може да издаде диплома за првенец на генерацијата најмногу на тројца ученици, по претходно дадено мислење од Комисијата согласно единствената ранг листа.

Останатите рангирани ученици може да бидат пофалени и наградени во генерацијата во деветто одделение.

Резултатите се соопштуваат на Наставничкиот совет од страна на претседателот на Комисијата.

Наставничкиот совет на училиштето ја потврдува доставената ранг листа од страна на Комисијата и врши избор, односно го прогласува првенецот на генерацијата.

Единствената ранг листа, заедно со Извештајот од рангирањето, односно бодувањето согласно критериумите, ќе бидат јавно објавени на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

Скенирано со CamScanner

## ДЕЛ 9: ИЗБОР И ДОДЕЛУВАЊЕ ДИПЛОМА

Избраните и пофалени, односно наградени ученици добиваат диплома во форма и содржина пропишана во Правилникот за формата и содржината на дипломите и начинот на нивното издавање, донесен од министерот за образование и наука, под бр. 18-11034/1 од 9.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 250/20).

Доделувањето на дипломите за првенци на генерацијата ќе се изврши на пригоден начин пред сите ученици и наставници во училиштето, на крајот од учебната година по завршувањето на основното образование, или пак на организирана прослава по повод завршувањето на основното образование (полуматурска прослава).

Дипломите или пофалницата се врачуваат на учениците од страна на директорот на училиштето.

## ДЕЛ 10: ПРАВО НА ПРИГОВОР

Учениците кои не се прворангирани можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет, во рок од три дена од денот на усвојувањето односно потврдувањето на изборот од страна на Наставничкиот совет.

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и одлучува по истиот во рок од три дена по приемот на приговорот.

Скенирано со CamScanner

## ДЕЛ 11: ДРУГИ ПОФАЛБИ

Наставничкиот совет може дополнително да пофали и награди ученик заради:

- ☐ истакнување со континуирано залагање и напредување во наставата;
- ☐ постигнување натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонnаставни активности;
- ☐ залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично).
- ☐ примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;
- ☐ залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни друг вид на општествено одговорни активности).

Пофалби и награди може да се доделуваат на паралелка која особено се истакнува со вкупен успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

Пофалби и награди може да се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари), како и група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него.

Предлог за пофалби и награди до Наставничкиот совет, може да даде раководителот на паралелката, предметниот наставник, стручен соработник, директорот на училиштето, ученичкиот парламент или самиот ученик согласно условите наведени во овој дел од Конкурсот и Правилникот, на ист начин и во истите рокови дадени во претходните делови од овој Конкурс, а кој се однесуваат за изборот на првенци на генерацијата.

Скенирано со CamScanner

**ДЕЛ 12: ДРУГИ НАПОМЕНИ**

☐ Нецелосните и ненавремено доставените документи нема да бидат разгледувани од Комисијата.

☐ Подетални информаци се дадени во Правилникот за постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, кој е објавен на интернет страницата на училиштето: www.oouljubenlape.edu.mk

**КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР**

Претседател на комисија, Маја Ковачевска
член, Светлана Здравеска
член, Валентина Вангеловска
член, Сузана Михајловска
член, Ивана Цветановска

**ДИРЕКТОР**
**Фоника Станоева**

Република Северна Македонија Општинско основно училиште ЉУБЕН ЛАПЕ Аеродром-Скопје

Скопје,
Мај 2024 година

Скенирано со CamScanner